# Е - БИЛТЕН
# БРОЈ 1

ЈАНУАРИ - МАРТ 2024

# ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

**Доколку сакате да ги поддржите нашите активности можете да направите уплата на сметка: 270000000911687 Халк Банка или да не контактирате преку следниве**

## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ:


032 444 620

info@womsvetinikole.org.mk
womsvetinikole@yahoo.com

www.womsvetinikole.org.mk

ул. Ленинова број 1-1/4 П.Фах
13 2220 Свети Николе

facebook.com/womsvetinikole

instagram.com/ozo_svnikole


ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

## АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ „ЗАЕДНО ДА ПРЕВЕНИРАМЕ И СЕ БОРИМЕ ПРОТИВ РАКОТ НА ДОЈКА 2024"

### РАБОТЕН СОСТАНОК НА ГРУПАТА ЗА САМОПОМОШ



Целта на овој работен состанок беше да се информираат членките на групата за самопомош за годишната програма и предвидените работилници и активности согласно одобрениот буџет од Локалната самоуправа на општина Свети Николе.



### РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „ГРИЖИ СЕ ЗА СЕБЕ"



Целта на оваа работилница беше да се поставаат граници во односите со другите, да не бидеме “угодувачи” на луѓето со занемарување на сопствените потреби, свесност за своите потреби, грижа за базичните потреби и дозвола на себеси за одмор.

## ОСТЕОАРТРИТИС – ДЕГЕНЕРАТИВНО ЗАБОЛУВАЊЕ НА ЗГЛОБОВИТЕ



Работилницата на тема „Остеоартритис“ имаше за цел да ги информира присутните за важноста за навременото препознавање на ова дегенеративно заболување на зглобовите, бидејќи успехот на лекувањето (како и инвалидноста) директно зависи од раното препознавање на болеста.



## ЖЕНИТЕ ОД СЕЛО МУСТАФИНО СЕ ИНФОРМИРАА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ТРЕТИРАЊЕ НА КАРЦИНОМ НА ДОЈКА И ОСТЕОПОРОЗА

Целта на оваа работилница беше да се запознаат присутните со поимот карцином на дојка, како се дијагностицира, како се врши самопреглед на дојка, кога се дава хемотерапија и од колкаво значење е навременото откривање на карциномот. Карциномот е подла болест и во првиот стадиум нема болка, за жал границата се поместува и многу помлади заболуваат, а болеста исто така подеднакво е присутна и кај жени и кај мажи.



## АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ „НЕ СИ САМ/А – КАНЦЕЛАРИЈА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА 2”

### ТРИБИНА НА ТЕМА: ОД ЗДРАВИ ДО НАСИЛНИ ВРСКИ



Целта беше учесниците да спознаат колку е важно да се пружи поддршка на девојки кои доживуваат некаков облик на насилни интимни партнерски односи наспроти општествените искуства за обвинување и срамење на жртвите.



Трибините се оддржаа во Кавадарци и Свети Николе и на истите присуствуваа пеесетина девојки на возраст од 15 до 18 години. ОЖОСВН пред нив ги промовираше и бесплатните услуги кои ги дава во однос на правна и психосоцијална поддршка.



- Инфо средба во с.Црнилиште за запознавање на присутните со услугите кои ги нуди Канцеларијата за бесплатна правна помош и психосоцијална поддршка при ОЖОСВН.




- На 27 март се одржа завршната конференција на тема: „Пристап до правда за маргинализирани заедници 2.0"

Експертките, истражувачките и практичарките разговараа за актуелните случувања, трендови и предизвици поврзани со пристапот до правдата, особено во контекст на дијалогот за пристапување во ЕУ.

Беа презентирани опипливите ефекти од програмата што обезбедува бесплатни услуги за правна и психо-социјална помош, како и преглед на водениот стратешки случај во рамки на проектот.

# ЈАНУАРИ - МАРТ 2024 Е - БИЛТЕН БРОЈ 1

SMART Balkans
Civil Society for Shared Society in the Western Balkans

Norway CPCD Centar za promociju civilnog društva IDM Institute for Democracy and Mediation CRPM Center for Research and Policy Making ...policy impact since 2004

Тимот на SMART Balkans, предводен од Александар Цеков и Диелза Сула, на 13 февруари беа гости во нашата канцеларија, со цел мониторинг на спроведувањето на основниот грант финансиран од оваа програма, како и евалуација на позитивните работи, постигнувањата, пречките во текот на изминатата година од реализирањето на грантот.




- На 7-ми февруари 2024, тим на Транспаренси Интернешнл – Македонија беше во посета на ОЖОСВН

На состанокот се разговараше за проектите и активностите кои ги спроведуваат двете организации, а беа презентирани и наодите од Националниот систем на интегритет, анализа подготвена во рамките на проектот: „ЕУ4 Владеење на правото: Граѓански ангажман за јавен интегритет (ЦЕПИ) во Западен Балкан и Турција“, финансиран од Европската Унија и Владата на Швајцарија.
На работната средба, исто така, се разгледаа и можностите за идна соработка помеѓу двете организации кои се грантисти на Смарт Балканс програмата.




- Со цел да се информира пошироката јавност за услугите што ги нуди ОЖОСВН за жените заболени и лекувани од малигни болести, а во рамки на овој проект беше креирано информативно видео.




Погледнете го нашето видео за видовите услуги

## BootCamp за изработка на медиумски производи





- Обуката се реализираше во рамки на регионалниот младински проект „Млади за инклузија, еднаквост и доверба“, а во партнерство помеѓу Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА) и Младинскиот образовен форум (МОФ).

- Во продолжение погледнете го нашиот инфографик за тоа како грижата и негата ги спречуваат жените да се активни на пазарот на труд?




Овој инфографик е продукт од BootCamp за родови податоци во Измир - Турција, во партнерство помеѓу Факултетот за податоци, проектот на UN Women "Gender equality facility" во Северна Македонија и регионалната програма "Making Every Woman and Girl Count" за Европа и Централна Азија, на кој учествува наш тим од Јасмина Трајчева и Александра Тодевска.

- На 17 февруари, двајца наши претставници беа дел од работилницата за креирање содржини и кои во иднина ќе пишуваат приказни за локални теми, под менторство на професионални новинари. Оваа активност е дел од проект за поттикнување на граѓанскиот ангажман во локалното владеење, преку објавување содржини што ќе ги создаваат активисти на граѓанските организации. Целта на овие медиуми е да им се даде видливост на локалните теми и глас на самите граѓани. Проектот го раководи Институт РЕСИС од Скопје, а ОЖОСВН е локален партнер за „ЛокалАктив Вардар“



На 30 Јануари, во посета на ОЖОСВН беше, Беки Вилијамс од централата во на Мировен корпус во Вашингтон која е службеник за поддршка на Албанија и Црна Гора, Косово и Северна Македонија, заедно со уште неколку претставници од канцеларијата во Скопје. Тие ја посетија нашата волонтерка Лорен Бургили, а ние имавме можност да се запознаеме со Беки, да ја претставиме нашата работа и да поразговараме за соработката со волонтерката и планираните активности кои во иднина заеднички ќе ги реализираме.



- На 20 Март, канцелариите на ОЖОСВН ги посетија членките на Новинарскиот клуб при училиштето ООУ Даме Груев с.Ерџелија.

На оваа средба младите новинарки, се запознаа со улогата на граѓанските организации во заедницата и одблиску се запознаа со целокупната програма, работа, проекти и активности на ОЖОСВН



- Дебатниот клуб на МОФ во рамки на ОЖОСВН, кој функционира од октомври 2023 година, во изминатиот три месечен период реализираше 8 едукативни работилници каде покрај алатки за дебата се учеше и за медиумска писменост, позитивните и негативни страни на социјалните медиуми итн.



- На 20 февруари, во посета на ОЖОСВН беа претставници од 9 општини од земјите од Западен Балкан, општина Свети Николе и мрежата НАЛАС (мрежа на здруженија на локални власти од југоисточна европа). Состанокот беше инициран од општина Свети Николе, а на средбата присутните се запознаа со нашата работа и се разговараше за можности за соработка и партнерства на ЕУ проекти.



- На 01 март, Надзорниот одбро на ОЖОСВН оддржа работен состанок, на кој ја разгледа и одобри завршната сметка на организацијата. Покрај членките на одборот, на состанокот присуствуваа: претседателката - која го водеше состанокот и книговодителката - која на присутните детално ја презентираше завршната сметка.

- На покана на Младинскиот Културен Центар од Битола, ОЖОСВН оваа година се приклучува кон глобалната иницијатива „Ден на добри дела“. По тој повод претставнички на ОЖОСВН на 8 февруари беа на информативен состанок во Битола, каде се разговараше за самата иницијатива и идеи за реализирање на акција во нашата локална средина.



На 6 март, во Собранието на Македонија, а по повод одбележување на меѓународниот ден на жената, членки на ОЖОСВН беа дел од прекрасната атмосфера за време на промоцијата на видео записот и монографијата “30+: Жените тоа го можат”. Велат не гледај назад, но понекогаш е убаво да се погледне назад и да се види колку далеку сме стигнале, особено кога станува збор за женските прашања.

- По повод Меѓународниот ден на жената - 8 Март, во Свети Николе, традиционално се положи цвеќе на паднатите борки за слобода од Општина Свети Николе, заедно со претставнички од Граѓанска иницијатива на жени и Здружението на борци.





- ОЖОСВН како дел од Платформата за родова еднаквост, беше дел од колективна акција, колективен протест и колективен марш во заедничката борба за рамноправност и родова еднаквост. Оваа година активисти и поддржувачи маршираа под слоганот „Црвена линија: Правата на жените не се за преговарање“.



## МЕЃУНАРОДНИ ДЕНОВИ ОДБЕЛЕЖАНИ ВО ОВОЈ КВАРТАЛ:

- 4 ФЕВРУАРИ - СВЕТСКИ ДЕН ЗА БОРБА ПРОТИВ РАКОТ
- 20 ФЕВРУАРИ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА СОЦИЈАЛНАТА ПРАВДА
- 21 ФЕВРУАРИ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК
- 27 ФЕВРУАРИ - СВЕТСКИ ДЕН НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ
- 1 МАРТ - СВЕТСКИ ДЕН НА НУЛТА ДИСКРИМИНАЦИЈА
- 8 МАРТ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЖЕНАТА
- 20 МАРТ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА СРЕЌАТА






















# Ви благодариме за поддршката!